Бр./Nr. 01-679/1-2026
12.05.2026
Дата/Data____________

SOIP

Државен завод за индустриска сопственост
ул. Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3103-601
Факс. (02) 3137-149
Сајт: www.ippo.gov.mk

Enti Shtetëror për Pronësi Industriale
rr. Dame Gruev nr. 14
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel. (02) 3103-601
Faks. (02) 3137-149
Web faqja:
www.ippo.gov.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19, 14/20 и 208/24), в.д. директорот на Државниот завод за индустриска сопственост донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за индустриска сопственост

### Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за индустриска сопственост бр. 01-1863/1 од 30.10.2015 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Заводот бр. 01-309/1 од 21.02.2018 година, бр. 01-1196/1 од 12.08.2019 година, бр. 01-846/1 од 13.07.2020 година, бр. 01-1437/1 од 14.12.2020 година, бр. 01-450/1 од 14.04.2021 година, бр. 01-169/1 од 03.02.2022 година, бр. 01-1171/1 од 22.08.2022 година, бр. 01-1068/1-2024 од 08.08.2024 година и 01-1683/1 од 18.12.2024 година.

### Член 2

Во делот III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ во "Сектор за општи работи" во "Одделение за издавачки работи и информатика" кај работното место под реден број **"52а"** со шифра **УПР 0101 В03 000** со назив: "Соработник преведувач - албански јазик", во делот "Број на извршители" бројот "2" **се заменува со бројот "1"**.

### Член 3

Во "Сектор за општи работи" во "Одделение за издавачки работи и информатика" по работното место со реден број "52а" со шифра УПР 0101 В03 000 со назив "Соработник преведувач - албански јазик" се додава ново работно место со реден број "52б" кое гласи:

Република Северна Македонија
**Државен завод за индустриска сопственост**

[redacted]

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 52б |
| **Шифра** | УПР 0101 В01 000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник - лектор по македонски јазик |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделението |
| **Вид на образование** | Хуманистички науки – јазици и книжевност (македонски јазик) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Спроведување на задачи од делокругот на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи. |
| **Работни задачи и обврски** | - Врши лектура на текстови (проверка и корекција на правопис, граматика, интерпункција и стилска усогласеност со јазичната норма);<br>- Врши прилагодување на текстови за јасност, концизност и стилска усогласеност (службено гласило на Заводот, службени документи, содржини кои се објавуваат на Веб страната на Заводот и друго); и<br>- Проверува дали сите документи и материјали се јазично коректни пред нивната официјална употреба и објава. |

**Член 4**

Со извршените измени во интегралниот текст на правилникот се вршат изменувања и дополнувања и на Табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

в.д. ДИРЕКТОР / u.d. DREJTORI
Eljesa Nezir